# Модул 8 за е-учење за ДДВ

## СТАПКИ

### Поенти од курсот

Ова е практично резиме на најрелевантните информации од курсот.

Овој курс за е-учење се повикува на законодавството на ЕУ за ДДВ што стапило во сила на 01.01.2020 година (важечки за Директивата на ЕУ за ДДВ, Директивата на ЕУ за поврат на ДДВ и Регулативата на ЕУ за имплементација на ДДВ).

Овој модул е дел од поширокиот курс за ДДВ кој се состои од следните лекции:

- Вовед
- Територија
- Даночен обврзник
- Промет
- Место на оданочлив промет
- Дигитални услуги и мини-едношалтерски систем (MOSS)
- Оданочлив настан и даночна основа
- **Стапки**
- Ослободувања
- Право на одбиток
- Поврат
- Обврска

Овој курс дава одговор на прашањето „Која процентуална стапка треба да се употреби?"

## 1. Цели на учењето

На крајот на оваа обука, вие ќе можете да:

- Ја наведете потребата од усогласување преку **воспоставување најниски нивоа на оданочување** и **рамки за опции** со цел да се намали ризикот од нарушување на конкурентноста.
- Ги идентификувате различните **видови на стапки** и условите под кои тие се применуваат: **стандардни стапки**, **повластени стапки**, **други стапки** (конкретни отстапувања и преодни отстапувања).
- Ги препознаете повластените стапки кои се дозволени и ограничувањата на нивната примена.

- Во неусогласен пазар без фискални граници, да ги опишете **временските и просторните услови** за тоа како се применува стапката (одговори на прашањата „каде?“ и „кога?“).

## 2. Која стапка да се примени?

Директивата за ДДВ ги наведува видовите на стапки кои се предмет на различни услови што ќе се применуваат во сите земји членки. Најниското ниво на оданочување е поврзано со укинувањето на фискалните граници меѓу земјите членки. За ова е потребно одредено ниво на усогласување.

Во нееднинствен пазар без фискални граници, постои ризик од нарушување на конкуренцијата. Разликите во стапките на ДДВ може да создадат нарушувања на конкуренцијата меѓу испорачателите.

За да дознаете која стапка да ја примените, треба да одредите каде, кога и на што да ја примените стапката.

### 2.1. Каде, кога и на што?

Прво треба да дознаете во **која земја-членка** настанал прометот: стапката што ќе се примени е онаа која важи во земјата-членка каде се врши прометот. (Погледнете го курсот „Место на оданочлив промет“ за да дознаете повеќе за местото на вршење на промет)

Штом знаете во која земја членка е извршен прометот, треба да дознаете кога да ја примените стапката. Стапката што ќе се примени може да се одреди **само откако ќе настапи оданочливиот настан и ДДВ ќе стане платлив**. Бидете свесни за исклучоците: тие се објаснети во курсот „Оданочлив настан и даночна основа“.

Штом знаете каде е извршен прометот и кога да ја примените стапката, треба да одредите која стапка треба да ја примените.

Пред да дознаете која стапка да ја применувате, треба да знаете **со каков вид на промет** се соочувате. Потоа, треба да процените дали овој промет спаѓа во една од категориите за кои можат да важат нестандардните стапки.

### 2.2. Видови на стапки

Директивата за ДДВ наведува три вида на стапки: општа стапка, повластена стапка и други стапки наречени отстапувања, бидејќи отстапуваат од вообичаените правила.

Земјите членки мора да применуваат општа стапка, но можат да одлучат за процентот што ќе се применува согласно со условите на Директивата за ДДВ:

- Најниското ниво на стапката мора да биде 15% (чл. 96 и чл. 97).
- Стапката мора да биде иста без оглед на видот на промет.

Што се однесува до повластените стапки:

- Најниското ниво на тие стапки мора да биде 5%
- Повластените стапки можат да се применуваат само за промет на добра и услуги што се наведени во Прилог III.
- Повластените стапки земјите-членки можат да ги применуваат согласно националните политики.

Што се однесува до другите стапки, конкретните отстапувања без временско ограничување што овозможуваат повластените стапки да се применуваат на:

- снабдување со гас, електрична енергија, окружна топлификација
- увоз на уметнички дела
- одредени промети во Австрија, Кипар, Португалија и Грција (чл. 102-105 и чл. 109-122).

## 2.3. Отстапувања

Отстапувањата им овозможуваат на одредени земји-членки да применуваат пониски стапки за промет што се врши во оддалечени делови од нивната територија на следниот начин:

- **Португалија** може да користи пониски стапки за промет извршен во Мадеира и Азори од оние што се применуваат во континенталниот дел, како и мостарини во областа на Лисабон.
- **Австрија може да користи втора општа стапка за промет извршен во Јунгхолц и Мителберг.**
- **Грција може да користи стапки што се до 30% пониски од оние што се применуваат на континенталниот дел за промет што се врши на грчките острови.**
- **Кипар може да примени една од двете повластени стапки уредени со Член 98 за испораката на течен нафтен гас (ТНГ) во цилиндри.**

Постојат одредени отстапувања, кои се преодни, иако не постои конечен краен датум, кои вклучуваат: нулта стапки, отстапувачки повластени стапки, супер-повластени стапки, паркинг стапки, отстапувања во конкретни земји-членки, повластени стапки за цветни производи и огревно дрво.

Пристап до неограничени курсеви за е-учење е возможен преку интернет-страницата EUROPA: https://ec.europa.eu/taxation_customs/eu-training/general-overview_en.

*Запомнете, ова е кратко и практично резиме на најрелевантните информации од курсот. Само законодавството на Европската унија објавено во Службениот весник на Европската унија се смета за автентично. Комисијата не презема одговорност за што и да е во врска со обуката.*